ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-132/10**

**Дата: 15.10.2012**

**ДО**
**НУ НУБ „ СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Национална установа – Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје (во натамошниот текст НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје) на сметката на основен буџет (631-12), за 2011 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на искажаните позиции во финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, изрази негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека кај НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје остварени се приходи по основ на закупнини кои не се уплатени во Буџетот на РМ и склучени се договори за закуп на нетранспарентен начин, вршени се плаќања на комунални услуги за други потрошувачи, вршени се исплати за привремени вработувања на несоодветен начин, не се евидентирани побарувања по основ на платени комунални услуги за други субјекти и не се превземени навремено активности за наплата на побарувања од минати години. Утврдена е и несоодветно спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува склучувањето на нови договори за закуп да се спроведува во постапка со јавно наддавање согласно законските прописи и да се изврши разграничување на трошоците за комунални услуги на другите потрошувачи кои закупиле деловен простор од Библиотеката. Да се евидентираат сите побарувања од закупците по основ на направени трошоци за комунални услуги и навремено да се преземат активности за наплата или отпис на побарувањата од минати години. Надлежните служби за ангажирање на

надворешни лица од кои Библиотеката има континуирана потреба да ги преземат сите законски активности и да ги обезбедат потребните согласности од надлежните органи и набавките на материјали да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 9 до 11 заедно со ревизија на усогласеност на НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје на сметката на основен буџет (631-12) за 2011 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2011 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Миле Бошески, директор

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.06.2012 до 26.06.2012 година кај НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 27.08.2012 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 21-132/5 од 05.09.2012 година.
Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

3.1.1. НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје во 2011 година има остварено приходи во вкупен износ од 1.067 илјади денари од издавање на деловен простор под закуп врз основа на склучени договори и водена постапка од страна на Министерството за култура согласно член 48 и член 49 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Со договорите е регулирано средствата од закупнината да се уплатуваат на сметка 631-12, отворена кај НУБ, а за сите видови материјални трошоци за комуналии (ПТТ, струја, вода и др.), одржување на просторот, поправки и се што е потребно за негово користење, закупецот се обврзува да ги подмирува во свое име и за своја сметка. Со ваквата одредба во договорите за закуп, Министерството за култура не постапило согласно член 7 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, според кој остварениот приход по основ на закупнина од издаден деловен простор на единка корисник (НУБ) се уплатува на посебна сметка во Буџетот на РМ. Со ваквите договори Министерството извршило погрешно насочување на приходите од закуп на деловен простор кај единките корисници, што има за ефект неосновано остварување на приходи кај НУБ, за сметка на помалку остварени приходи во Буџетот на РМ.

**Препорака**
Средствата остварени од издавање под закуп на деловен простор, целосно да се уплаќаат на соодветната приходна сметка во Буџетот на РМ, а Министерството за култура како надлежен орган кој ги утврдува програмите и проектите што се од национален интерес за културата доколку смета дека закупнините треба да бидат приход на Библиотеката, да покрене иницијатива за регулирање на истите во посебен закон од областа на културата.

3.1.2. Наодот од точка 3.2.1. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет (603), во врска со исплата на средства по фактури за вода и изнесување на смет во кои освен за Библиотеката се плаќаат и за три правни субјекти кои закупуваат простор во Библиотеката без задолжување на истите, се однесува и на сметката на основен буџет (631). Од оваа сметка се исплатени 43 илјади денари по наведениот основ.

3.1.3. Во текот на 2011 година Библиотеката континуирано ангажира седум физички лица за извршување на работи по основ на договор за дело преку две агенцииии (две хигиеничарки, правник, сметководител, одржувач на компјутерска мрежа и лице кое извршува работи во процесот на дигитализација на библиотечниот фонд) за кои на две сметки на Библиотеката се искажани расходи во вкупен износ од 863 илјади денари за надоместоци, персонален данок и провизија. Начинот на ангажирање на овие лица не е во согласност со член 22 од Законот за работни односи каде е утврдено дека потребата од работници се обезбедува со објавување на јавен оглас, член 51 од Законот за буџетите кој се однесува на обезбедување на потребните средства и согласности и Законот за Агенции за привремени вработувања.

Непочитувањето на наведените закони при ангажирање на лица кои вршат континуирани работи и немаат третман на договор на дело, создава можност за необјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лица, неостварување на правото на пензиско и здравствено осигурување од работен однос и ненаменско и незаконско користење на средствата.

По овој основ од оваа сметка се исплатени 329 илјади денари.

**Препорака**

Надлежните служби за ангажирање на лица од кои Библиотеката има континуирана потреба да ги преземат сите законски активности и да ги обезбедат потребните согласности од надлежните органи.

**Биланс на состојба**

3.1.4. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на ставката Побарувања искажани во деловните книги и Билансот на состојба со 31.12.2011 година поради не извршено фактурирање и евидентирање на побарувања по основ на комунални услуги (вода и изнесување на смет) од правните лица кои закупуваат простор во Библиотеката, иако со договорите за закуп е утврдено дека овие трошоци треба да ги надоместат закупците. Непочитувањето на одредбите од договорите за закуп се должи на тоа што во договорите за закуп не е децидно наведено на кое правно лице треба да се уплатат трошоците, односно дали на сметка на Министерството за култура кое ги спроведува постапките за издавање под закуп и кое е потписник на договорите или на сметка на Библиотеката во која се наоѓа просторот што се издава под закуп. Ваквата состојба не е во согласност со член 6 и член 19 став 5 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за облигациони односи.

Ненавременото евидентирање на побарувањата овозможува немање увид во фактичката состојба на побарувањата и непревземање на мерки за нивна редовна наплата, што има за ефект нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи, застарување на побарувањата и нецелосна наплата на приходите.

**Препорака**
Министерството за култура да ги допрецизира договорите во делот на режиските трошоци, а одговорниот сметководител да обезбеди целосна, точна, објективна и навремена евиденција на побарувањата по основ на потрошена вода и изнесување на смет од закупците.

3.1.5. На позицијата Побарувања од купувачите во земјата во Билансот на состојба со 31.12.2011 година искажани се побарувања во вкупен износ од 530 илјади денари по основ на закуп на простор во Библиотеката кои потекнуваат од 2006 до 2011 година. Дел од нив се застарени поради ненавремено поднесени тужби и не се отпишани и покрај укажувањата од страна на пописната комисија, што не е во согласност со член 364 од Законот за облигационите односи.

Ненавременото преземање на активности за нивна наплата, непочитувањето на Законот за облигационите односи и не постапување по укажувањата на пописната комисија има за ефект нереално и необјективно прикажување на побарувањата во Билансот на состојба и ненаплатен приход од закупнини.

**Препорака**
Правната служба во координација со сметководството да превземат активности за наплата на ненаплатените побарувања во согласност со Законот за облигационите односи.

**Користење на средствата согласно законските прописи**

**3.2. Јавни набавки**

3.2.1. Наодот од точка 3.3.2. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет (603), во врска со несоодветно спроведена постапка за доделување на договор за набавка со постапка за прибирање на понуди без објава на оглас, се однесува и на сметката на основен буџет (631). Од оваа сметка се исплатени 47 илјади денари за набавка на средства за одржување на хигиена.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точка 3.1. која се однесува на неосновано остварени приходи, направени расходи за комунални услуги на други субјекти, неевидентирани побарувања и непреземени мерки за наплата на побарувањата од закупнини, ревизијата изрази резерва за целосноста и точноста на приходите и расходите прикажани во Билансот на приходи и расходи за 2011 година, како и за реалноста и објективноста на прикажаните побарувања во Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1. , финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, финансиската состојба на НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје на ден 31.12.2011 година и резултатот од финансиските активности за годината што завршува со тој датум, согласно важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје – сметка на основен буџет (631-12), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 08.10.2012 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1.067 | 1.325 |
| Трансфери и донации | 70 | 280 |
| **Вкупно приходи** | **1.137** | **1.605** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1.033 | 1.535 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1.033** | **1.535** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **1.033** | **1.535** |
| | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **104** | **70** |
| | | |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 1 | 4 |
| | | |
| **оданочување** | **103** | **66** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 104 | 70 |
| Побарувања | 530 | 614 |
| Активни временски разграничувања | 574 | 464 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.208** | **1.148** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 0 | 524 |
| **Вкупно постојани средства** | **0** | **524** |
| **Вкупна актива** | **1.208** | **1.672** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 211 | 185 |
| Краткорочни финансиски обврски | 141 | 141 |
| Обврски спрема државата и други институции | 221 | 134 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 1 | 4 |
| Пасивни временски разграничувања | 634 | 684 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.208** | **1.148** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 0 | 524 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **0** | **524** |
| **Вкупна пасива** | **1.208** | **1.672** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2011 година** | **524** | - | **524** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **32** | **32** | **64** |
| Набавки | 32 | 32 | **64** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **556** | **32** | **588** |
| Отпис на капитални средства | - | 32 | **32** |
| Амортизација | 556 | - | **556** |
| **Состојба 31.12.2011 година** | - | - | - |